# Z A P I S N I K

Од четвртата седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 23.12.2025 година, (вторник) со почеток во 14.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни:** 15 covetnici i претставници od administracijata

**Отсатни:** 0

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот кој констатира дека од бројот на присутните sovetnici има кворум за полноважно одлучување.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред

## Дневен ред

**1.**Усвојување на записникот од третата и итната седница на Советот на општина Брвеница.

**2.**Усвојување на Извештајот од Комисијата за финансии и Буџет на општина Брвеница за 2026, 2027 и 2028 година.

**3.**Разгледување и усвојување на Предлог- Буџет на општина Брвеница за 2026, 2027 и 2028 година.

**4.**Разгледување и усвојување на Предлог-Одлуката за извршување на Буџетот на општина Брвеница за 2026 година.

**5.**Разгледување и усвојување на Предлог-Буџетскиот календар за 2026 година .

**6.**Разгледување и усвојување на Методологијата за распределба на Блок-Дотацијата на општината за 2026 година.

**7.**Разгледување и усвојување на Предлог-Одлуката за Благајничкиот максимум за 2026 година.

**8.**Предлог Програма за изработка на урбанистички планови на Општина Брвеница за 2026 година.

**9.**Предлог - Годишна Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Брвеница за 2026 год.

10.Барање за исплата на обештетување.

11.Барање на финансиска помош за лекување.

Претседателот на Советот го прочита дневниот ред и праша дали има измени и дополнувања на истиот.
Претседателот на Советот кажа, јас имам една дополнителна точка а тоа е „Развојни програми на Буџетот на Општина Брвеница„.
Дали некој друг има нешто да додаде.
Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот дневниот ред со дополнителната точка го стави на гласање и истиот беше едногласно усвоен од присутните советници.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред **„**Усвојување на записникот од третата и итната седница на Советот на општина Брвеница.

Претдедателот на Советот отвори расправа .

Bidej]i nikoj ne se javi za zbor Пretsedatelot na Sovetot prvata to~ka odnosno **„**Усвојување на записникот од третата и итната седница на Советот на општина Брвеница**„** ја стави на гласање и истата беше едногласно усвоена од присутните советници.

**II**

По однос втората точка на дневниот ред **„**Усвојување на Извештајот од Комисијата за финансии и Буџет на општина Брвеница за 2026, 2027 и 2028 година „
Претседателот на Советот збор му даде на членот на Комисијата за Финансии Самир Ганији.
Членот на Комисијата за финансии зеде збор и кажа, оваа точка помина на комисија каде што ни беше образложено од страна на Соодветниот од општината.
Соодветниот од општината зеде збор и кажа, како секоја така и оваа година Буџетот мора да го донесеме до 31.12. По препорака од Министерството за финансии ние постапивме и ги распределивме средствата по потрбите на нашата општина. Нашите средства од даноци, од такси, комуналии и др. изнесува 51.743.000. Дотациите од ДДВ то ќе ни бидат 32.110.000, за блок дотациите за школите за 2026 ни се предвидени 146.201.000, за социјална заштита ни се предвидени 9.444.000. Ова е планирање на Буџетот ама незначи дека се ќе се реализира во текот на годината. Одиме кај биланс на приходи кај данок на доход од капитални инвестиции тука се предвидени тие 60 % во 2026 година а другите 40 % во 2027 година. Кај данок на имот се предвидени 13.789,940, глоби и административни такси се предвидени 450.000.

Капитални приходи на 73 има 8.900.000 оваа година ако имаме некоја продажба на земјиште оваа ставка ке се прошири. На 741211 тука се како што споменав за капиталните инвестиции и проектите што се во тек. Во втората колона имаме во самофинансирачкиот дел 2.000.000 за градинката тука спаѓа партиципацијата за децата што плаќаат. Ова ни се вкупно приходите за овој Буџет. Продолжуваме со А0 програмата а тоа е Советот на Општината, тука се предвидени исплаќањата за советниците. За персонален данок и други надоместоци се предвидени 4.907.518, на 464 кај разни трансфери се предвидени 5.500.000 овие се предвидени за средства што ги префрламе на јавното претпријатие за јавното осветлување и некои вработени. Понатака одиме на програмата А1 таа е за изборните активности и тука се предвидени 3.000.000 за исплата на вториот круг. D00 или програмата Градоначалник тука спаѓаат платата придонесите и се останато. Кај расходите за репрезентација како и минатата така и оваа година сум оставил 850.000 денари. Програмата Е00 тука спаѓа општинската администрација тука имам нешто скратено на 24.068,090 и тука спаѓа све. Кај 404 тука имам предвидено 750.000 тука спаѓаат комисиите што ги имаме постојано и што се плаќаат. На 421 комунални услуги греење и комуникација тука спаѓаат ел.енергија,телефони, пошта и.т.н се предвидени 1.500.000. Програмата 424 спаѓа поправки и тековни одржувања на возила, одржување на зградата и др. На 425 тука спаѓаат договорни услуги тука е и договорот со фирмата за кучиња кој е задолжителен, бидејки мораме некако законски да бидеме покриени. Тоа одеше со јавна набавка. Не е решение бидејќи има многу кучиња, а за едно куче сумата е голема. Со нашите средства можеме 5-6 кучиња, бидејќи едно куче е 300 евра за да го земат да го третираат и пак да го вратат на улица. Годишно ни е 240.000 а кај нас за 5-6 кучуња ни одат 90 илјади.

За збор се јави Мумин Реџепи и кажа, значи има фирма што ги собира кучуњата скитници, мора да се најде решение бидејќи ги има многу и децата се плашат да одат на училиште. Во моето село не сум видел никој да ги собира таквите кучиња.

За збор се јави и Јовица Радески и кажа, совеста за домашни миленици ни е далеку, решението не е тука бидејќи која и да е фирма да го има овој тендер, таа само го зема кучето го третира го вакцинира и пак го враќа на улица, што значи ни тоа не е е решение. Тоа е до нас како граѓани и нашата совест, и ова не е решение така да тоа е стварно проблем, сега најново е со чипирање на кучињата па ако го пушти некој така полесно ќе се најде сопственикот, така да треба време ама тешко дека ќе се реши тој проблем. Треба ние полека да се менуваме за да го намалиме овој проблем инаку решение нема.

За збор се јави Идриз Идризи и кажа, сакам да се надоврзам на темава, вчера на Буџетскиот форум имавме жалба по однос на оваа тема, и јас како советник барам барем во училиштата и верските објекти низ општината да најдеме решение. Знаеме и сме свесни дека овој проблем е на ниво на државата, ама барем на овие места да се обрне повеќе внимание и тие средства да се употребат баш за тука.

Збор зеде и Градоначалникот и кажа, затоа тука сме заедно да најдеме некој начин и решение заедно, дајте предлог и ќе го прифатиме сите заедно. Сами сме сите свесни и знаеме дека со комбиња ги носат од секаде.

Повторно за збор се јави Јовица Радески и кажа, пак ќе напоменам дека е кај нас свеста е назад, вака нема ниту спас нити решение.

Збор зеде Абиљ Дурмиши и кажа, ја сум надлежен кога е оваа тема во прашање но сега тука сме да го гласаме Буџетот а за ова ќе имаме точка на некоја наредна седница каде што ке дискутираме поопширно на оваа тема. Лани имавме програма каде ги предвидовме овие средства, но со самата постака и тек на настаните видовме дека постапката за едно куче измесува 18.000. Така да кога ке дојде оваа тема и прашање на дневен ред тогаш ќе се дискутира на оваа тема.

Понатаму продолжи со образложение соодветниот на општината и кажа, одиме на 427 кај привремени вработувања сега за сега имаме три вработени преку оваа агенција.

За збор се јави Мумин Реџепи и кажа, ако минатата година сте имале Буџет 4.000.000, мој предлог е овие средства да се зголемат не само тие три што се вработени, туку да има и нови вработувања, да има проширување на оваа ставка на 3.000.000

Соодветниот од општината кажа, имаме и вработени што се префрлени во јавното претпријатие баш преку оваа агенција и ние ги плаќаме тие вработени, така да во зависност од потребата може на нареден ребаланс да се прошири. На 452 го имаме кредитот со Светска банка, предвидов 700.000 незнам дали ќе стигнат ќе видиме на нареден ребаланс. Капитални трошоци на општината на 480 спаѓаат компјутерска опрема во склоп на администрацијата, на 482 спаѓа надзор, проектирање и др. Кај урбанистички планирања не предвидов ништо сега за сега ако нешто излезе за понатака за продажба ќе видиме тогаш како ќе се одвиваат работите.

За збор се јави Мумин Реџепи и кажа, тука се работи за земјиште што треба да се урбанизира.

Соодветниот од општината продолжи со образложение и кажа, имаме месечно договор со фирма што им плаќаме месечно за јавно осветлување.

На 424 е е предвидено за дезинфекција, дезинсекција и дератизација и имам одвоено 450.000. Програмата JD0 тука има 9.100.000, тука спаѓаат некои проекти кои се во тек а некои и се завршени, имаме набавка на бекатонки и нивно редење. Минатата година имавме повеќе средства бидејќи имавме проджба на земјиште и затоа изработивме доста.

За збор се јави Мумин Реџепи и кажа, дали ние имаме право да ги прошириме овие средства, ако минатата година се направени три патишта за оваа година е предвидена една улица.

Продолжи со објаснување Соодветниот од општината и ги прочита сите проекти кои се реализирани, кои се во тек или кои се исплатени. Потоа одиме на програмата Л0 изградба на системи за пречистување и за шахти и цевки за канализација.

За збор се јави Идриз Идризи и кажа, дали ова е само за одржување или?

Соодветниот од општината кажа, ова е само за одржување бидејќи за шахти и цевки имаме тендер преку јавна набавка.

За збор се јави и Мумин Реџепи и кажа, кај изградбата за водоснабдување планот беше еден бунар да се отвори во Милетино а другиот во с.Д.Седларце, до кај е таа работа?

И вчера на форумов за истото дискутиравме но никој некажа ништо дефинирано во врска со оваа работа. Јас имам информации дека средствата се поделени за во с.Д.Седларце каде што е веќе направен тој бунар, а за Милетино нема ништо.
Со објаснување продолжи соодветниот од општината и кажа, сега за сега нема никаде дефект, но доколку се појави нешто затоа се резервирани овие средства за вакви итни случаи, ќе се реагира веднаш. Програмата N10 кај основното образование вкупно има 4.526.619 од кој што спаѓаат плати, надоместоци и друго.
Претседателот на Советот отвори расправа.
Бидејки никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,,Усвојување на Извештајот од Комисијата за финансии и Буџет на општина Брвеница за 2026, 2027 и 2028 година,, ја стави na гласање и истата беше прифатена од 14 советници а 1 беше воздржан.
.

**III**

По однос третата точка на дневниот ред ,,Разгледување и усвојување на Предлог-Буџет на општина Брвеница за 2026, 2027 и 2028 година,,
Претседателот na Советот кажа, бидејќи за оваа точка беше образложена во претходната точка од страна на соодветниот од општината, дали некој има нешто да каже или додаде.
Председателот на Советот отвори расправа.
Bidej]i nikoj ne se javi za zbor, Пretsedatelot na Sovetot точката, ,,Усвојување на Предлог- Буџет на општина Брвеница за 2026, 2027 и 2028 година,, , ја стаvi na glasawe i istata ednoglasno se usvoi od страна на prisutnite sovetnici.

**IV**

По однос на четвртата точка на дневниот ред „Разгледување и усвојување на Предлог-Одлуката за извршување на Буџетот на општина Брвеница за 2026 година ,,.
Претседателот на Советот збор му даде на Соодветниот од општината да образложи по однос на точката.
Соодветниот од општината кажа, ова е одлука која мора да ја донесеме бидејќи ни ја бараат од министерство, нема некоја измена, секоја година е истото.
Претседателот на Советот отвори расправа.
Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот точката, ,,Усвојување на Предлог-Одлуката за извршување на Буџетот на општина Брвеница за 2026 година ,, , ја стави на гласање и истата едногласно се усвои од присутните советници.

**V**

По однос на петтата точка на дневниот ред „ Разгледување и усвојување на Предлог-Буџетскиот календар за 2026 година,,
Претседателот на Советот збор му даде на Соодветниот од општината.
Соодветниот зеде збор и кажа, во овој календар е напишано како да етапно да се реализира еден Буџет и тука нема некоја измена како што поопширно се произнесов во моето образложение во претходните точки.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „ Усвојување на Предлог-Буџетскиот календар за 2026 година,,ја стави на гласање и истата едногласно се усвои од присутните советници.

**VI**

По однос на шестата точка на дневниот ред „Разгледување и усвојување на Методологијата за распределба на Блок-Дотацијата на општината за 2026 година „ Претседателот на Советот збор му даде на Соодветниот на општината да образложи по однос на точката.
Соодветниот од општината кажа, и ова се носи исто како и секоја година, законски мора да помине на Советот. Можеби во иднина ќе ја смениме но сега за сега останува иста.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката, „Усвојување на Методологијата за распределба на Блок-Дотацијата на општината за 2026 година,, ја стави на гласање и истата едногласно се усвои од присутните советници

.

**VII**

По однос sedmata точка на дневниот ред „ Разгледување и усвојување на Предлог-Одлуката за Благајничкиот максимум за 2026 година, Претседателот на Советот кажа, и за оваа точка беше образложено во претходните каде што беше објаснето од страна на Соодветниот на општината.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Јовица Радески и кажа, имам пофални зборови, и не само за оваа точка конкретно туку општо за подготовката на Соодветниот на општината и неговиот тим и за неговото прекрасно објаснување. Се надевам дека ќе го спроведеме вака како што е и дури и подобро. Се надевам дека ние во интерес на граѓаните ќе го дадеме максимумот од нас.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на советот точката, „Усвојување на Предлог-Одлуката за Благајничкиот максимум за 2026 година.„ ја стави на гласање и истата се усвои едногласно од страна на присутни советници.

## VIII

По однос осмата точка од дневниот ред „ Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови на Општина Брвеница за 2026 година„ Претседателот на Советот збор му даде на Претседателот на комисијата за урбанизам.

Претседателот на комисијата за урбанизам кажа, по однос на оваа точка ни беше образложено од страна на соодветниот од општината и немаше никој ништо да додаде, ние ја усвоивме истата, предлагам и вие да ја усвоите.

Соодветниот од општината зеде збор и кажа, како и секоја година така и оваа година оваа програма се донесува законски треба до 31 декември. Во членот 2 од оваа програма го имате видот на урбанистичкиот план и потребите на општината, се е убаво објаснето.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на советот точката „ Програма за изработка на урбанистички планови на Општина Брвеница за 2026 година„ , ја стави на гласање и истата се усвои едногласно од страна на присутни советници.

## IX

По однос деветата точка на дневниот ред „Предлог - Годишна Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Брвеница за 2026 год„ Претседателот на Советот збор му даде на Претседателот на комисијата за урбанизам.

Претседателот на комисијата за урбанизам кажа, и за оваа точка дискутиравме на самата комисија каде ни беше детално објаснето.

Соодветниот од општината зеде збор и кажа, врз основа на законот за градежно земјиште мора да имаме годишна програма. Парцелите кои се предмет на оваа програма ги опфаќаат некои села и тоа Челопек, Теново и Стенче. Детално објаснување имате во материјалот кој го имавте во вас да го прочитате.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на советот точката, Годишна Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Брвеница за 2026 год„, ја стави на гласање и истата беше изгласана од 14 советници За, 1 имаше воздржан.

После гласањето збор зеде Мумин Реџепи и кажа, ја како претседател на комисијата за урбанизам гласав како воздржан бидејќи сум против да се продава земјиште каде што живеам јас. Мој предлог е со продавањето на земјиштето на одредено село, треба да има бенефит од таквите продажби, малку не ми е јасно.

Претседателот на Советот кажа, десеттата и единаесетата точка од дневниот ред ги симнувам, и истите ќе бидат на дневен ред на некоја од наредните седници.

**X**

По однос на дополнителната точка од дневниот ред „Развојни програми на Буџетот на Општина Брвеница,, Претседателот на Советот збор му даде на Соодветниот од општината да образложи по однос на точката.
Соодветниот од општината кажа, проектите што се повеќе од една година бараат одлука за развојни програми, како што е спортската сала во село Челопек. Затоа ни треба ваква одлука.
Пртседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на советот точката „Развојни програми на Буџетот на Општина Брвеница,,, ја стави на гласање и истата беше усвоена од присутните советници.

Меѓу другото Претседателот на Советот даде предлог и кажа, комисиите што треба да ги имаме пред седниците да се одржуваат ден пред тоа за да имаме повеќе време да дискутираме за точките и да не ни биде ограничено времето.
Тука се додаде и Самир Ганији и кажа, добро би било да бидат еден ден пред тоа бидејќи така времето ќе ни излезе во пресрет, бидејќи таму се објаснува се убаво и нема тука да се губи толку од времето, секако ќе биде пренесено се како што треба и на другите советници.
Но сепак на крајот остана денот за комисиите да го договорат самите советници меѓусебно.

По исцрпување на точките од дневниот ред заврши четвртата седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**
**Христина Радичевска**

**Совет на општина Брвеница**
**Претседател**
**Роберт Милошески**

**Бр.08-1710/2**
**23.12.2025 год.**
**Брвеница**